РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09 - 800/1
18 -02- 2021

Врз основа на член 22 став 7 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси (Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата на 46 – та седница одржана на ден 12.02.2021 година донесе

## ОДЛУКА

СЕ ЗАПИРА постапката за утврдување судир на интереси против лицето проф. д-р -------, раководител на ---------, ---------, Универзитет ----------, бидејќи не се потврдени наводите од пријавата и не е утврдена состојба на судир на интереси.

Согласно со одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема основ за нејзино натамошно надлежно постапување во предметот со број 09-4486/1 од 27.09.2019 година.

Предметот со број 09-4486/1 од 27.09.2019 година, да се затвори и да се архивира.

### Образложение

Предметот со број 09-4486/1 од 27.09.2019 година е оформен по поднесена анонимна пријава против лицето проф. д-р -----------, раководител на ---------, ----------, ---------, со наводи дека проф. д-р ----------- во периодот додека бил ректор на Универзитет ----------- извршил влијание и вработил повеќе негови блиски лица и на неговата сопруга, како и по наредба од политичката партија -----------.

Исто така, пријавителот укажува и на тоа дека проф. д-р --------- е раководител на --------- при --------, Универзитет -----------, а од друга страна е сопственик на фабрика за производство на зејтин и слични производи -------, по што ресурсите и вработените на универзитетот и лабораторијата наместо за студентите се користеле за неговата приватна фирма.

Во насока на утврдување на фактичката состојба во конкретниот случај, согласно член 76 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија се обрати до ----- при ---------- на Универзитет ------------. Покрај тоа, ДКСК направи увид во својата база на податоци на поднесени

образци за имотна состојба - анкетни листови и утврди дека проф. д-р ---------- ја извршувал функцијата ректор на Универзитет ------------ во период од 2007 – 2015 година. Имено, во однос на вработувањата што биле реализирани во тој период настаната е застареност согласно Законот за прекршоците и настаната е промена на фактичката состојба, проф. д-р ---------- не ја извршува повеќе функцијата ректор на Универзитет -----------, односно овластено лице од кое може да се бара одговорност доколку се потврдат наводите од пријавата.

По разгледување на доставената документација од страна на --------- при ------ на Универзитет --------- преку повеќе дописи, Државната комисија го констатира следното:

--------- е мултидисциплинирна лабораторија во состав на -------- при Универзитет ----------, која се бави со различно научно-истражувачка и апликативна работа од различни научни области. Во самата лабораторија се ангажирани повеќе доктори на наука, повеќе магистри, инженери и друг персонал. Секој член на оваа лабораторија е самостоен научен работник специјализиран за одредено подрачје на работа на лабораторијата кој вооедно е одговорен и за испитувањата кои ги врши. Раководителот на истата е координатор на активностите на поединечните делови на лабораторијата и контактира со заинтересирани субјекти и наоѓа работа на самата лабораторија.

Лабораторијата не е самостојно правно лице во правниот промет, туку работи како внатрешна единица во состав на ----------- при Универзитет -----------. Самата лабораторија пружа стручни и апликативни услуги на многу земјоделски производители и фирми од обласга на земјоделството, рударството, заштитата на животната средина, фармацевски компании и други фирми. Своите услуги ги наплаќа согласно ценовник или врз основа на поединечни договори кои се склучуваат со фирмите кои имаат барање за услуга од самата лабораторија.

Лабораторијата ----------- има деловна соработка со фирмата ----------, кај која како сопственик и управител се јавува ---------. Соработката е базирана на барање на услуги за нивни потреби, за што е склучен договор од 05.11.2018 година, потпишан помеѓу заменик раководител на ---------- проф д-р --------- и тогашен управител на ---------, -----------.

Проф. д-р -------- во својство на раководител на --------- има потпишано Изјава за непристарсност и независност од 10.10.2019 година, дека ќе обезбеди целосна независност и непристрасност во работата на ------- и со никоја негова активност нема да делува врз резултатите. Изјавува дека нема да ги користи резултатите од лабораториските активности за стекнување на конкурентска предност и создавања на профит. Истиот е редовен професор од областа на фитопатологијата и заштитата на растенијата и тој воопшто не учествува во активностите на мерења по доставени барања од --------. Исто така, тој не учествува ни во спремањето на извештаите и мислењата од извршените мерења, бидејќи тоа не е негова област на стручност, а вооедно не ги потпишува извештаите за наведената фирма што е во негова сопственост, тоа го прави неговиот официјален заменик раководител на лабораторијата.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

На седницата одржана на ден 12.02.2021 година, по разгледување на сите предметни наводи, Државната комисија поаѓајќи од одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси констатира, да се запре постапката за утврдување судир на интереси против лицето проф. д-р -------, раководител на -------, ------------, Универзитет ---------, бидејќи не се потврдуваат наводите од пријавата и поради промена на фактичката состојба.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Претседател,
Билјана Ивановска

По заклучок на ДКСК:
Изработил: К.З., советник
Одобрил: м-р Ш.С., член на ДКСК